превземено од www.pravo.org.mk

# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.23 од 10.02.2016 година**

**Член 1**

Во Законот за експропријација („Службен весник на Република Македонија" број 95/12, 131/12, 24/13, 27/14, 104/15 и 192/15), во членот 31 став (3) бројот „20", се заменува со бројот „30".

**Член 2**

По членот 35 се додава нов член 35-а, кој гласи:

**"Член 35-а**

„(1) Органот за експропријација води евиденција за поднесените предлози за експропријација, поднесените предлози за одземање на правото на користење на градежно земјиште во државна сопственост, останати предлози за ограничување на правото на сопственост на земјиште, како и за донесените и поништените правосилни решенија за експропријација.

(2) Министерот за финансии ги пропишува формата, содржината и начинот на водење на евиденцијата од ставот (1) на овој член."

**Член 3**

Членот 51-а се менува и гласи:

"(1) Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице во органот за експропријација, ако во утврдениот рок од членот 28 став (1) алинеја 2 од овој закон, предлогот за експропријација и геодетскиот елаборат, од членот 26 точка 2 од овој закон, по електронски пат не ги достави до Агенцијата за катастар на недвижности, заради прибележување на предлогот за експропријација.

(2) Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице во органот за експропријација, ако во утврдениот рок од членот 31 став (3) не донесе решение за експропријација.

(3) Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице во органот за експропријација кој го донесол решението за експропријација, ако во утврдениот рок од членот 32 став (2) од овој закон, нема да достави одговор до Управниот суд.

(4) Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице во органот за експропријација, ако во рок од пет дена од прибавувањето на доказот за платен надоместок за запишувањето, согласно со тарифникот на Агенцијата за катастар на недвижности, а кој е утврден во членот 51 став

(3) од овој закон, не ги достави до Агенцијата за катастар на недвижности, сите правосилни акти кои содржат правен основ врз основа на кој се врши запишување во катастарот на недвижностите, а се донесени врз основа на овој закон, заедно со пријавите за запишување по електронски пат".

(5) Надлежен орган за изрекување на прекршочните санкции од ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член е надлежниот суд."

**Член 4**

Подзаконските акти утврдени со овој закон ќе се донесат во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 5**

Започнатите постапки до денот на започнувањето на примената на овој закон, ќе завршат согласно со законот по кој биле започнати.

**Член 6**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува со започнувањето на примената на Законот за општата управна постапка, согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" број 124/15).